Бр./Nr 12-560/5

07-02-2024 г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 100-тата седница одржана на 06.02.2024 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот со број 12-4402/1 од 29.04.2022 година, оформен по доставена пријава со наводи за неправилности во постапки за ангажирање на адвокати за давање на бесплатна правна помош, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување по предметот - за предметниот случај веќе постапиле други надлежни органи.

Предметот со број 12-4402/1 од 29.04.2022 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на познат подносител, на ден 29.04.2022 година поднесена е пријава со наводи за неправилности во постапки за ангажирање на адвокати за давање на бесплатна правна помош и оформен е предмет број 12-4402/1 од 29.04.2022 година.

Во пријавата е изразено сомневање за барање на противуслуги од адвокати од страна на службеното лице ///, вработена во Одделението за бесплатна правна помош на Министерството за правда, како и за неизвршување на задолженија за исплата кон ангажираните адвокати за извршените услуги.

Кон пријавата е доставено дополнување со приложена документација, во кое е дадено образложение за предметите по кои подносителот – адвокат /// постапувала, а за кои до Министерството за правда доставила барања да биде исплатена како давател на бесплатна правна помош, од кои барања од страна на Министерството наводно дел биле делумно усвоени а дел не биле воопшто усвоени.

Во пријавата доставена до ДКСК подносителот укажал и на добиени управни спорови поведени против Решение на Министерството за делумна исплата, а воедно, информирал дека во 2023 година Министерството донело решение за негово бришење од регистарот на даватели на бесплатна правна помош.

Подносителот на пријавата смета дека наведеното упатува на повреда на негово индивидуално право, како и на пристрасност во одлучувањето по барањата за исплата врз основа на дадена бесплатна правна помош во рамки на Министерството за правда.

Заради проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба во пријавениот случај, ДКСК достави барање за постапување и доставување на податоци и информации до Министерството за правда.

Од увидот во документацијата доставена во прилог на пријавата, како и од увидот во документацијата доставена од страна на Министерството за правда, утврдена е следната фактичка состојба:

При извршена внатрешна контрола во Одделението за бесплатна правна помош при Министерството за правда од страна на Комисија формирана за таа цел, Комисијата констатирала дека не се воочени пропусти и нерегуларности во работењето на Одделението за бесплатна правна помош над постапките за ангажирање на адвокати за давање на бесплатна правна помош во периодот од 2018 до 2021 година како и во постапките за нивна исплата.

При контролата било земено предвид дека Одделението за бесплатна правна помош во 2018 година постапувало по Законот за бесплатна правна помош од 2009 година, и неговите измени и дополнувања, и дека решенијата за одобрување на бесплатна правна помош биле донесувани од министерот за правда при што адвокатите во решенијата биле назначувани по избор на самите странки – баратели на бесплатна правна помош, од листата на адвокати што се водела во Регистарот на Министерството за правда.

Воедно, при контролата било земено предвид дека со стапување на сила на актуелниот Закон за бесплатна правна помош се врши децентрализација во одлучувањето по барања за бесплатна правна помош односно дека по поднесените барања сега одлучуваат подрачните одделенија за бесплатна правна помош во рамки на Министерството за правда, согласно член 16 и 23 од Законот, додека назначувањето на адвокатите се врши од страна на подрачните одделенија согласно Правилник за начинот на назначување на адвокати.

Дополнително, при контролата било земено предвид и дека исплатата на ангажираните адвокати се врши врз основа на Трошковник поднесен од страна на адвокатите со приложена правосилна одлука од суд или од друг државен орган, со која се докажува дека случајот заради кој била одобрена бесплатната правна помош е завршен, согласно одредбите од Законот за бесплатна правна помош.

Врз основа на наведеното, во однос на наводите за повреда на индивидуално право на подносителот, ДКСК го има предвид правото на правна заштита кое адвокатот го има а кое произлегува од можноста за поднесување на тужба за поведување управен спор пред Управниот суд Скопје, против секое решение за исплата на надомест од кое не е задоволен. Воедно, ДКСК има предвид дека подносителот веќе повел и добил управни спорови поведени против Решение на Министерството за делумна исплата.

Во однос на наводите кои според подносителот упатуваат на пристрасност во одлучувањето по барањата за исплата врз основа на дадена бесплатна правна помош во рамки на Министерството за правда, ДКСК констатира дека во однос на истите веќе постапил друг надлежен орган – Министерството за правда, со вршење на внатрешна контрола во Одделението за бесплатна правна помош.

Од горенаведеното, ДКСК утврди дека нема елементи за натамошно постапување по предметот - за предметниот случај веќе постапиле други надлежни органи, и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- подносителот на пријавата

Изработил: А.Р.М.
Одобрил: К.Н., член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**